ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ



СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

Излегува по потреба	Број 26	20.07.2023 год.

ЈЕГУНОВЦЕ, ЈУЛИ 2023

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за II квартал за 2023 год

Се прогласува Заклучокот за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за II квартал за 2023 год, што Советот на Општина Јегуновце го донесе на седницата одржана на 18.07.2023 год.

Бр. 09-1173/1
20.07.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 32 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Сл.весникна РМ„ бр.61/04), Советот на Општина Јегуновце на дваесетишестата седница одржана на ден 18.07.2023 год. донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за II квартал за 2023 г.

1. Се усвојува финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за II квартал за 2023 г.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-1154/3
18.07.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлука за одобрување на финансиска помош

Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиска помош, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 18.07.2023 год.

Бр. 09-1173/3
20.07.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на дваесетишестата седница одржана на ден 18.06.2023 год., го разгледа барањето од Симо Стаматовски од с.Жилче донесе,

О Д Л У К А

За одобрување на финансиска помош

Член 1

Од Буџетот на Општина Јегуновце на Симо Стаматовски од с.Жилче му се одобрува еднократна финансиска помош во износ од 20.000 ден.

Средствата од став 1 на овој член се одобруваат како финансиска помош за санирање на штета причинета од пожар од гром кој избувна ноќта помеѓу 04-05.07.2023 год. во семејната куќа.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-1154/4
18.07.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлука за одобрување на финансиска помош

Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиска помош, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 18.07.2023 год.

Бр. 09-1173/2
20.07.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на дваесетишестата седница одржана на ден 18.06.2023 год., го разгледа барањето од Дивна Котеска од Тетово и донесе,

О Д Л У К А

За одобрување на финансиска помош

Член 1

Од Буџетот на Општина Јегуновце на Дивна Котеска од Тетово му се одобрува еднократна финансиска помош во износ од 20.000 ден.

Средствата од став 1 на овој член се одобруваат како финансиска помош за санирање на штета причинета од пожар кој избувна на ден 06.03.2023 год. во семејната куќа во с. Туденце.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-1154/5
18.07.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска,с.р.

С О Д Р Ж И Н А

Страна

1. Решение за прогласување на Заклучок за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за II квартал за 2023 год.....1
2.Заклучок за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за II квартал за 2023 год.....2
3. Решение за прогласување на Одлука за одобрување на финансиска помош..3
4. Одлука за одобрување на финансиска помош.....4
5. Решение за прогласување на Одлука за одобрување на финансиска помош...5
6. Одлука за одобрување на финансиска помош.....6